СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од првото продолжение на Седумдесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 септември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 75-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 18. 09. 1997 г.**


1. АРСОВСКИ БРАНКО – стр.44
2. ВИДИМЧЕ КИРЕ – 1, 2
3. ДОКУЗОВСКИ КИРО – (министер за земј.) – 47, 50
4. ИЛИЈЕВСКИ МИТКО – 38, 40
5. ЗИБЕРИ НАСЕР – 62
6. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО – 32
7. КАРОВ ЗВОНКО – 12, 13, 16, 21, 27, 32, 52
8. МУСОВСКИ ФЕРИД – 25
9. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 71
10. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 11
11. НИКОЛОВ ЈОВАН - 66
12. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 3
13. ПЕЦОВ МИРКО - 22
14. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 13
15. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 19 (зам.мин.за финансии)
16. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 67
17. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 34
18. ЏАМБАЗОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 42
19. ШАПУРИЌ ЗОРАН – 10, 68, 70

Т.2 – стр.4
Т.3 – стр.10
Т.4 – стр.11
Т.5 – стр.25
Т.6 – стр.52
Т.7 – стр.54
Т.8 – стр.55
Т.9 – стр.56
Т.10 – стр.58
Т.11 – стр.60
Т.12 – стр.62
Т.13 – стр.72


седницата продолжува!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение седница на Собранието одржана на 18**
**на Седумдесет и** петата на Република Македонија септември 1997
година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 75-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Борис Костаќев, Ристо Марковски, Димче Настевски Игнатие Богдановски, Хисен Рамадани, Бори с Павлов, Зоран Крстевски, Теодосие Паунов, Владимир Соколовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Кире Видимче има процедурална забелешка.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Г-дине претседателе, колешки, колеги пратеници, бидејќи во текот на вчерашниот ден односно во текот на 74-тата седница Која вчера беше на дневен ред, се случи еден многу немил настан.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој загина?

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Па, мислам дека загина дигнитетот на Собранието на Република Македонија и дека конечно го закопавме, односно при броењето на гласовите за двотретинско мнозинство, не би сакал поинаку да ја оквалификувам таа постапка, туку се случи груба грешка, односно

иако беше јавено преку бројачите на присутни дека од едната страна има 28 пратеници, од другата 55, значи, вкупно 83 пратеници, беше констатиран кворумот 75 пратеници. Заради тоа беше прекината седницата со образложение дека нема доволен број присутни пратеници за да се изврши гласањето. После мојата интервенција повторно се направи истата грешка, односно во меѓувреме неколку пратеници панично од страна на СДСМ излегоа низ вратата. Јас после тоа отидов во техничката служба, го преслушав тонскиот запис и во него многу јасно и гласно се слушаше тоа што го кажувам сега. Заради тоа побарав писмено од господинот претседател преку службите да ми се достави копија од тонскиот запис, добив од службите информација дека г-динот претседател тоа го одбил и јас лично се обратив кај него усмено вчера Тој лично ми рече дека не мисли да ми даде таков запис. Дали тоа значи дека записот е тајна и од кои приоритети тајна, не добив информација и дали за пратениците има некоја тајна, или пак се работи за нова теорија на математиката Која ние треба да ја докажуваме дека треба 28 и 55 се 75. Ако е тоа тоа, барем да знаеме на Која тема работиме и што заклучуваме овде. Би сакал да добијам писмена потврда за она што ми го кажа вчера господинот претседател усмено дека нема да добијам копија. Патем речено тој ми вети дека ќе го добијам одговорот во текот на денешниот ден но за жал сеуште одговор на моето писмено барање не добив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговорот ви е на маса сигурно.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Одговорот не го добив, јас го доставив лично до вас, не го доставив до сите пратеници барањето и затоа треба да го добијам и одговорот јас а не сите пратеници. Јас не го добив одговорот, но ве молам би сакал, и

така сум тука да искористам , да ми дополните во одговорот Кој сеуште не го добив од Која приоритетна важност и тајност се тие податоци кои се чуваат тие ленти и немаме ние право да ги добиеме како копија. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, г-дине Видимче спорите околу едно тривијално прашање кое нема ама баш никакво прашање за работата на овој парламент од деловнички аспект.

Прво да ви кажам нема ниту една рационална причина јас да не го поставам законот на гласање. Јас сакам навистина законот да се донесе за извршна постапка. Ако евентуално можам според вас да тактизирам да кажеме во врска со другата точка на дневниот ред за гласањето. Верувам дека и вие ќе гласате за законот за извршна постапка зашто тоа е интерес на државата. И наша обврска пред Советот на Европа и пошироко и заради надградба на нашиот правен систем. Според тоа нема никаква рационална причина јас да, ако имало овдека во салата 81 или 82 пратеници да не го поставам на гласање. Тоа е едно.

Второ, ве замолив јас лични, бидејќи не верувавте вие да се уверите сами и пред пратениците и пред јавноста, а вие тогаш не се согласивте. Си седнавте на местото. Јас не негирам дека може да се случи грешка и во информацијата и во броењето, или во моето соопштување. Меѓутоа, тука нема ама ниедна причина за рационално однесување да имало кворум, а јас тоа да кажам дека навистина немало кворум и не сакам да го ставам на гласање законот. Навистина, не ја разбирам таа ваша упорност. Според тоа, ви одговорив и писмено, според деловникот тоа ќе го добиете. Според деловникот на пратениците

им стои на располагање стенограм, а не фонограмот. Прво, како и технички сега вие ќе ја користите говорницата со магнетофони ќе пуштате овде и што сакате да уверите и кого сакате да уверите со тоа. Првата прилика кога ќе имаме во салата 81 пратеник, јас ќе го поставам законот на гласање. Еве, ако сакате и на вас лично да ви дадам чесен збор, јас н езнам како повеќе инаку да се однесувам. Броењето е една работа. Видовте и сите сте сведоци овде, вие не верувавте вчера, а сега дополнително аргументи и т.н., па, може од место да викне сеКој може да викне трет и четврт, а не тој што е задолжен, како што вие кажувате често пати интевенирате овдека не се толку или волку се пратеници.

Ве молам, повеќе за тоа нема да расправаме. Тоа не е на дневен ред.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Имам право да се јавам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немате право. Тоа го расчистивме и не е на дневен ред. Вие ставете на дневен ред иницијатива, интерпелација, одговорност против претседателот и ќе расправаме. Нема со вас да се расправам два дена за броење на гласови, ве молам.

Минуваме на точка 2 -

Предлог на закон за осигурување -

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 36 став 1 и 2, член 65 став 1, член 70 став 3, член 71, член 72 став 1 и 3 и на член 73.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас барам збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не ви давам збор, ве молам, немојте да правите опструкција во работата на Парламентот.

Пратеникот Алил Џафероски поднесе амандмани на член 12 став 2, точка 1,2,3 и 4 и член 16 став 1 за бришење на точка 8 член 1 за бришење на став 2, член 17 за додавање нов став 7 по ставот 6 член 36 став 2 и на член 125 став 1 и 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Алил Џафероски поднесе амандмани на член 12 став 2 точка 1,2,3 и 4 и на член 125 став 1 и 3, со кои ги замени амандманите на истите членови поднесени на 3 септември 199 7 година.

Отворам претрес по амандманот на текстот на член 12 став 2 точка 1, 2 ,3 и 4 поднесен од пратеникот Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

1 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 за бришење на точка 8, поднесе од пратеникот Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата не го прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

2 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Алил Џаферовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така и овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така и овој амандман не се прифаќа. Дали некој друг бара збор? (нема)

Бидејќи никој повеќе не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за додавање нов став 7 по ставот 6 поднесен од пратеникот Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така и овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 6 став 1 и 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 2 поднесен од пратеникот Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 65 став 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 3 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет и со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така и овој амандман се прифаќа бидејќи го подобрува текстот на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по текстот на член 71 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата. Молам, претставникот на Владата да се произнесе. Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така и овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 72 став 1 и 3 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Исто така и овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 73 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи со овој амандман редакциски се подобрува текстот на законот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 125, став 1 и 3 поднесен од пратеникот Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман се прифаќа,со две години.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот. Молам, Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за осигурување.

Минуваме на точка 3 -

Предлог на закон за изменуваше на Законот за висината на стапката на затезната камата.

Пратеникот Александар Ивановски како предлагач на законот го повлече од оваа седница предлогот на закон за изменување на законот за висината на стапката на затезната камата за една од на- редните седници на Собранието.

Г-дин Шапуриќ, деловничка интервенција.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници, вчера по интервенцијата на пратеникот Томислав Стојановски околу пратеничките прашања кои ги немавме неколку месеци вие ни рековте дека денес без оглед како се одвива седницата во 11 часот ќе имаме пратенички прашања. Пратеничката група бара да одговорите кога ќе бидат ставени на дневен ред пратеничките прашања.

I/11

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас спомнав дека во 13 часот ќе имаме пратенички прашања. И тогаш ќе дојдат сите министри.

Минуваме на точка 4 -

Предлог за донесување на закон за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во кои што Република Македонија, Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции односно удели, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени. Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам , Кој бара збор?

За збор се јави г-дин Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас немам намера да давам коментар имајќи предвид дека извештајот на Комисијата за стопанство ви е доставен само сакам да потсетам да еден момент. Ние мислиме дека како Комисија за стопанство не значи овој закон дека треба да го критикуваме или да градиме позиција за купување на време. Едноставно сакаме да сугерираме овој закон да биде разгледан во две фази. Значи на денешната седница да биде првата фаза, а на наредната седница да биде втората фаза. Од причина што итноста на законот не ја гледаме низ фискалната димензија на законот. Бидејќи не можат преку анализите и согледувањата и ефектите, па на крајот на краиштата и практичната применливост на некој начин да не се оспори на законот, мислиме дека е итноста на законот не е од таква димензија да мора на оваа седница да се разгледаат и двата дела. Затоа, предлагаме ова прашање да се има респект од страна на пратениците, на наредната

седница да биде разгледана втората фаза, бидејќи мислиме дека има место да се поднесе еден амандман Кој треба попрецизно да го уреди начинот и дефинирањето на учеството на уделот или овластувањата на Владата во дефинирањето на овој проект.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре и претставници на Владата!

Јас мислам дека постои потреба од разгледување и на предлог за донесување и на предлог на закон од неколку причини на оваа седница.

Прво, затоа што се јавува потреба и во стопанството а и кај надлежните органи кај Агенцијата и кај Владата на Република Македонија околу давањето, тоа не е нов момент, меѓутоа, е една нова можност на претпријатијата да го зголемат преку отстапувањето на деловните средства својот управувачки пакет во работењето, а од друга страна се дава можност на така нерационално искористени средства поради неможноста, претпријатијата да располагаат. со вкупната актива, да не можат да ги уживаат плодовите од такво деловно средство и тоа деловно средство ќе може да го отстапат.

II/1.-РД/МЛ

**ЗВОНКО КАРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Од друга страна мислам дека е битно за државата што таквите отстапени деловни средства ќе биде во можност да ги стави или на закуп или на продажба и тн., што значи дека би се отворила една друга можност тие деловни средства да добијат други претприемачи.

Она што не можам да се согласам со Комисијата за стопанство е тоа што прашањето што го поставуваат од испитувањето на ефектите од овој закон. Ефектот не може веднаш да се каже, заради тоа што важи принципот на доброволноста, затоа што отстапувањето на деловните средства, таму каде што Република Македонија има свој удел, односно Агенцијата за трансформација на општествен капитал има свои актии.

Бидејќи принципот на доброволното поднесување на барањето од претпријатието Владата на Република Македонија не може воопшто да прогнозира колкави би биле тие деловни средства и каков ефект во моментот би се постигнало. Према тоа, мислам дека е во интерес овој закон денес да го донесеме, а по претресот по текстот на законот би се јавил со дополнување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Интервенцијата на претседателот на Комисијата за стопанство господин Николовски нема намера како што искажа да внесе некоја забуна или недоумица од потребата од донесување на еден ваков закон. Причината за таа интервенција е од причини што на Комисијата за стопанство беа искажани многу мислења, ставови,

нејаснотии, па и недоразбирања, со една единствена цел законот да не биде причина за манипулации и девалвирање на неговата основна концепција и идеја. Комисијата за стопанство во ниту еден момент не се спротивставува на донесувањето на еден ваков закон, туку од многуте аргументирани дискусии, каде што во основа провејува загриженоста со оваа интервенција да не се овозможи натамошно манипулирање и натамошно деноминирање и дерогирање на капиталот и затоа Комисијата предлага, јас го поддржувам тој предлог денеска да изгласаме потреба од донесување на еден ваков закон и овој закон да оди во две фази. Со оглед сепак на неговата едноставност, сметам дека таа втора фаза не може да се продолжи во недоглед, туку точно во овој период, Кој што би претстоел помеѓу првата и втората фаза ќе биде потребно да се достават на увид, не сосема прецизно, но сепак приближно, за Кој обем на капиталот се работи и кои се очекуваните ефекти, како што истакна претседателот на Комисијата. Затоа сметам дека овој закон може во следна фаза да доживее само за триесетина-четириесет дена. Не сме убедени дека денеска мораме да донесуваме закон по скратена постапка, затоа што ќе биде многу наивно ако мислиме дека се работи за мала интервенција и дека може овој закон да помине со итна постапка. Сметам дека ќе создадеме уште поголеми сомнежи ако инсистираме денес овој закон да оди по скратена постапка. Мислам дека пратениците ќе ја сватат оваа интервенција на Комисијата за стопанство и дека ништо не е лошо еден ваков значаен законски проект сепак да оди во две фази кои што можат да бидат една непосредно без друга.

Имено, на Комисијата за стопанство основно беше дека не ни беше презентирано за Кој обем на средства се работи, ние не можеме да речеме дека во услови на веќе завршена приватизација не

ќе знаеме за уделот на државата во општествениот капитал во овие процеси на трансформација. Мораме да го знаеме тоа и второ, се искажаа многу сомневања дека постои можност за манипулации за привидно ослабен капитал, потоа да биде насочен однапред кон познати субјекти. Тоа сакавме да го елиминираме и на крајот на краиштата да бидеме и од оваа сала да излеземе со дигната глава, чесно дека не придонесуваме за понатамошни манипулации и критики на целиот процес на трансформација Кој е евидентен. Самиот податок дека во 500-тини стопански субјекти ќе се врши повторна контрола на процесот на приватизација ни дава за право дека сепак треба еден таим аут во овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата со кои што Република Македонија и Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал имаат акции, односно удели.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (55 пратеници).

Дали има некој против? (3 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (48 пратеника).

Дали има некој против? (6 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеника).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор?

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри и претставници на Влада,

Во претресот по текстот на Предлогот на закон, чувствувам потреба во текстот да се вметнат интервенции во вид на не измена, туку дополнување на текстот на законот по две прашања. Првата интервенција е околу одлучувањето по барање на претпријатијата кои што ги поднеле до Владата односно Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за отстапување на некои од деловните средства, се разбира барањето по членот 5 го донесува органот на управување на тие претпријатија, тоа е по принцип на доброволност. Меѓутоа, членот 6 по овој закон регулира одлуката по барањето таму каде државата има државен капитал да одлучува Владата, односно таму каде што има Агенцијата акции одлучува Агенцијата. Која е потребата од една интервенција по овој член. Мислам дека тоа беше во расправа на седница на комисијата за економска политика, одредба од утврдување на еден примерен рок на одговор по барањето

на претпријатијата. Тоа не е само во интерес на барањето на претпријатијата, бидејќи претпријатијата од должината на тој рок што се одлучува по нивното барање, ќе ја планираат својата деловна активност и актуелност на барањето за отстапување на некое деловно средство. Тоа е една причина Која што оди во прилог на претпријатието, а втората причина Која што оди во прилог на надлежниот орган да одлучува по барањето во еден примерен рок, за Кој што лично сметам дека рокот од 60 дена, од денот на поднесувањето на барањето е сосема доволен надлежниот орган да ја испита самата содржина на барањето, да ја испита оправданоста за прифаќање, односно неприфаќање на барањето, затоа што задолжително никој не може да го натера да го прифати барањето и примерен рок од 60 дена Кој што мислам е сосема доволен да ја испита состојбата на самото деловно средство. Тоа е првата интервенција по текстот на Предлогот на законот како дополнување и втората интервенција е овој закон да ја регулира односно го регулира и начинот и постапката на продажбата на опфатените деловни средства. Значи повторувам, не и плаќа нето, затоа што плаќањето со членот 11 е регулирано со условите на јавниот повик со Законот за државниот капитал.

Бидејќи овде не станува збор за акции или удел, туку станува збор за нешто, видливо, поопипливо за деловно средство, тоа уредбата во Законот за државен капитал не го уредува и сметам дека и самиот начин и постапка за продажбата на тие деловни средства треба поблиску да ги пропишува Владата на Република Македонија, понатаму со некоја уредба, а тоа да биде во склоп на самиот текст на Предлогот на законот. Аналогно на прифаќање на овој амандман и опфатот на уредувањето на Предлогот на закон би се проширил и во членот 1 каде

што покрај тоа што овој закон ги уредува условите, начинот и постапката на отстапување на деловните средства, ќе го регулира и самата продажба на деловното средство, бидејќи тоа е еден нов момент, нова можност и нова квалитетна промена во однос на продажба на акциите и уделите.

Јас се надевам дека и ова образложение покрај образложенијата што се поднесени како амандмани ќе ги има предвид Владата и ќе ги прифати поднесените амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Звонко Каров поднесе амандман на член 1, по Кој Владата не се произнела. Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 13, со Кој се согласи претставникот на Влада- та и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Звонко Каров поднесе амандман за додавање нов член 11-а по Кој Владата не се произнела.

Пратеникот Звонко Каров поднесе амандман за додавање нов член 11-а, со Кој го заменува амандманот, на истиот член поднесен на 27 август 1997 година.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 6 за додавање нов став 2, по Кој Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 12, став 2, по Кој Владата не се произнела.

II/7.-

Пратеникот Звонко Каров поднесе амандман на член 6, за додавање нов став 2, по Кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Звонко Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОАЈНОВА:**

Со овој амандман на член 1, поднесен од господинот Каров се сака да се допрецизира членот, односно да се стави дека основната интенција на законот е и продажбата. Ако се прифати вака амандманот, тогаш ќе биде во колизија со членот 10, Кој гласи дека Република Македонија отстапените деловни средства може да ги користи за свои потреби, може да ги продава и може да ги отстапи на друго трето лице. Што значи ако само продажбата влезе во член 1, тогаш ќе имаме колизија меѓу) овие два члена и мислиме дека вакво подобрување на членот 1 не е потребно. Така да не го прифаќаме овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член б за додавање нов став 2, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата за економска политика и развој предлага да се изврши една корекција, односно да се додаде нов став 2 во членот 6, со тоа што Владата и Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, можат и треба да одлучат во рок од 30 дена од

поднесувањето на барањето. Сметаме дека вакво ограничување е премногу кратко и не би било во можност во тие 30 дена, можеби кога ќе одлучува Агенцијата за трансформација, тоа на некој начин би можело да се спроведе, но кога е владина постапка, сметаме дека ова ограничување ќе биде непримерно и заради тоа амандманот не го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање на нов став 2, поднесен од пратеникот Звонко Каров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Со амандманот на господинот Каров, Кој се однесува на истиот член 6 со додавање на став 2 во овој член, се бара во рок од 60 дена да се изврши определување, односно да се донесе одлуката од страна и на Владата и на Агенцијата за трансформација.

Како што реков и претходно, бидејќи се работи за еден однос, така да речам доброволен од страна на претпријатијата кои што треба да понудат и од страна на Владата, тоа што треба да прифати, или да не прифати вакви ограничувања од страна на законот, ако би се прифатил овој амандман, сметаме дека не би биле во ред и ќе ја ограничуваат работата во владината постапка. Поради тоа и овој амандман не го прифаќаме.

II/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Доколку не оставиме рок по изјаснувањето по одлуката да се отстапи делот на средства, а одлуката може да биде позитивна или негативна, може да се случи во еден навистина подолг рок претпријатието да чека на барањето и да ја ограничи деловната негова активност по тоа средство и дури може да се случи самата актуелност на барањето да изгуби ако му се одговори после пет, шест или седум месеци. Према тоа, бидејќи не станува збор за позитивен исход, може исходот по барање да биде и негативен, мислам дека е потребно во текстот да се одреди рок од 60 дена Кој што рок точно ќе овозможи да се испита содржината на барањето, бидејќи со одлука на органот на управување тој доставува одлука за средството, извештај за проценета вредност, извештај за средствата, доказот за сопственоста и тн. јас прифаќам дека на Комисијата за економска политика расправаме 30 дена, меѓутоа мислам дека во рок од 60 дена во интерес е и на надлежниот орган да реши што побрзо по барањето. Дали ако недостасува да го врати назад или позитивно да го реши.

Уште еднаш сметам дека треба да се одржи рок, одговор на барањето и мислам дека треба да се прифати амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратнеици јас мислам дека овој амандман го расправавме на Комисијата за економска политика и развој и го слушнавме образложението на заменик-министерот за финансии, тукашното образложение. Потполоно се согласувам за државниот капитал, можеби немаат време тоа да го прават, да речеме за 60 дена, но мислам дека е многу умешно и многу паметно да го ограничиме рокот на Агенцијата бидејќи организациите можат да се стават во недоглед, во нејасна ситуација да поднесат бараше за некое основно средство да се преотстапи, зборувам за општествениот капитал а тоа да биде во недоглед. Мислам дека е тоа лошо за ефикасноста на основните средства.

Ако може, барем да се направи компромис за државниот капитал да нема рок, меѓутоа за општествениот капитал да има рок 60 дена. И како Комисија и јас, мислам дека сепак за општествениот капитал треба да ставиме рок од 60 дена. Агенцијата е доста екипирана и може да одговори за 60 дена. Инаку, законот ќе изгуби во ефикасноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 11-а поднесен од пратеникот Звонко Каров.

III/2.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојановска, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Бидејќи со овој амандман се предлага начинот и постапката за продажба на отстапените деловни средства од страна на претпријатието поблиску да ги пропише Владата на Република Македонија, сметаме дека амандманот е издржлив и го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Стојановска, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Најпрво да кажам дека овој амандман на Комисијата за финансирање и буџет не го прифаќаме,а ќе образложам зошто.

Со овој амандман се бара да има одреден попуст, во износ од 30%, доколку лицето било вработено во претпријатието од каде потекнуваат средствата што се предмет на продажба односно отстапувањето. Тоа би значело дека, бидејќи се применува Законот за продажба на државниот капитал каде што поконкретно се утврдени сите попусти, еве, само ќе земам еден пример, каде што, кога би се платило во готово има попуст од 60%. Ако би се применил и овој попуст од 30% значи дека тоа лице што би учествувало во продажбата би добило попуст од 90%. Тоа значи дека во голем обем би се обезбредниле деловните средства што би биле на продажба.

Од тие причини сметаме дека овој амандман не го прифаќаме.

III/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( Ниту еден пратеник ).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (54 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Молам да се преброи точно колку пратеници се присутни во салата?

Еве, вака доаѓа и до фонограмот после, да знаете. Информиран дека во салата се присутни 63 пратеници што значи дека имаме кворум но очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за отстапување на деловни средства од страна на претпријатијата во кои што Републ-ика Македонија и Агенцијата на Република Македонија за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал имаат акции односно удели.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за паси-штата, со Предлог на закон.

III/4. -

Предлогот за донесуваше на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, Кој бара збор?

Има збор господин Докузовски, министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Со оглед на тоа дека станува збор за едноставен закон што мислевме дека ќе го донесеме во една фаза, а во расправата на комисиите имаше одредени сугестии и забелешки и противречни гледања околу текстот на законот, прифативме овој закон да се гледа во две фази и, амандманите поднесени од Илија Каров и другите дискусии што денеска ќе бидат да имаат третман на забелешки и мислења што ќе ги вградиме во текстот за наредната седница по законот.

Според тоа овој закон ќе оди во две фази.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам имајте ги предвид овие укажувања на министерот при расправата.

Има збор господин Мусовски.

**ФЕРИД МУСОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитуван министре,

Со укинувањето на Законот во 1995 година за управување и користење на пасиштата и утрините, постоеше период од две години Кој овој проблем не беше решен и овој законски вакум предизвика несредени односи во оваа област.

Бидејќи министерот кажа дека овој закон ќе оди во две фази, го поддржувам донесувањето на овој закон, но ќе ги изнесам моите забелешки што сметам дека ќе бидат земени предвид.

Имено, се работи за користење на пасишта, за одгледување на добиток во ридско-голанинските и пограничните реони. Досегашното искуство покажува еден незаконски однос во експлоатирање на пасиштата и наплаќањетоо од страна на националните паркови. Во конкретниов случај Националниот парк "Маврово" им наплатува пашарина на граѓаните дури ако го напасуваат добитокот и во својот имот.

Моите заложби, во името на граѓаните од регионот на Кој припаѓам се да бидат ослободени од оваа давачка што доста години се наплатува врз незаконска основа. Пасиштата за кои што се залагам се многу помали од еден хектар што е предмет на овој закон, а за кои што на граѓаните им се наплатува патарина, да се изземат од таквата наплата.

Ја поддржувам содржината на законот и формирање јавно претпријатие што ќе се грижи за пасиштата, а не како што беше до сега во нашиот регион, Националниот парк.

Имајќи ги предвид сите причини и експлоатирањето што го врши Националниот парк врз граѓаните на нашиот регион, со Законот што треба во што покус рок да го предложи Владата, Закон за национални паркови Кој закон сеуште од 1967 година не е изменет и претставува "нон сенс" во законската регулатива на нашава држава, припаѓа под Министерството за култура.

Во тој закон предлагам националните паркови да бидат сопственици и да се грижат за одгледување и шумите што се со посебна намена. Така што, со донесувањето на Законот за шуми и донесувањето на новиот закон за национални паркови, сметам дека ќе се разрешат про-

блемите што ги тиштат граѓаните во Мавровско-Реканскиот регион што траат повеќе од 30 години и се експлоатирани по однос на сечата, чување на добитокот и друго. Националниот парк се грижи само за наплата 01 интерес на организацијата, а не води никаква грижа за штетите што ги прават ресурсите под кои припаѓаат. Се работи за дивечот што и оние мали пасишта што ги има тоа селско население кое го намали добитокот во многу мали размери, сметам дека, ако понатаму продолжи националниот парк да стопанисува со овие подрачја, ќе останат без ниту едно грло добиток.

Моите заложби се Законот да биде што побрзо и со тоа ќе се разрешат проблемите од витален интерес за граѓаните од овој регион.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Илија Каров има збор.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре,

На дневен ред е Предлогот за донесување закон за пасишта. Овој закон се состои од 20 члена од кои 2 члена се општи одредби, 7 члена се практично содржина на Законот, а другите 11 члена се преодни и завршни одредби.

Од тие причини јас изготвив за овој закон за шуми и поднесов 18 амандмани. Според мене предложениот текст не ја регулира областа за заштита и обнова на пасиштата. Под поимот заштита на пасиштата се мисли заштита од ерозија, пожари, штетни инсекти, а тука најчесто се мисли на скакулци како и загрозеноста на пасиштата од други негативни влијанија.

III/7. -

Понатаму, предложениот текст на Законот за пасишта не ги дефинира јасно обврските на јавното претпријатие што ќе стопанисува со пасиштата освен дека ќе склучува договори со корисниците на пасиштата и ќе ја собира пашарината односно ќе ги собира парите од сточарите

Предложениот рок од 20 години за изнајмување пасишта ќе овозможи создавање монополи во оваа дејност и затоа се залагам пасиштата да се изнајмуваат за една, а најмногу 10 години.

Јавното претпријатие, покрај тоа што изготвува десетгодишен план за работа ќе мора да изготвува и годишна програма за работа како и да изготвува завршен извештај за изминатата година. Со тоа на еден ваков; начин, адекватен начин ќе се следи активноста односно работата на ова) јавно претпријатие како и во Која мера си ја завршило работата во изминатата година и што со програмата за наредната година се предвидува да работи.

ЈП ќе мора да се грижи за обезбедување вода за пиење на добитокот, односно да ги уредува поилата.

Унапредувањето на пасиштата и нивното рационално користење треба да биде обврска на јавното претпријатие.

Исто така, уредување на пасиштата за нормална паша на добитокот се мисли на чистење од трња, грмушки и друго.

ЈП за пасишта ќе мора најпрво да изврши катастарско усогласување на пасиштата, јасно да разграничи што е приватно, а што општествено односно државно пасишта.

Селските утрини што селаните со векови ги користеле не би требало да се одземат и да се прогласат за државни пасишта и не можат да бидат предмет на продажба односно за нивното користење селаните не би требало да плаќаат пашарина.

III/8.-

Ако случајно Владата сепак се одлучи на селаните да им ја одземе и утрината што сега се користи за селска паша, во тој случај ниту сточарите ниту јас можам да се согласам со овој закон дека овој закон ќе биде во функција на поттикнување на развојот на сточарството. Напротив, почитувани пратеници, со овој закон ќе се создадат основни предуслови за уништување и на онака слаботo сточарство што сега го имаме во РМ.

Затоа предлагам Законот стручно да се дополни и да се земат предвид укажувањата на Комисијата за земјоделство и сугестиите од пратениците, што би било во функција на развојот и унапредување на сточарството.

Предлагам, со посебен член да се наведе дејноста и обврските на ЈП за пасишта, како што тоа беше многу добро прецизирано и за другите јавни претпријатија што неодамна ги донесовме со одредени зак ни во овој Парламент.

Во членот 6 е предвидено ЈП да склучува договори со корисниците на пасишта каде што ќе биде регулиран начинот на користење на пасиштата, времетраењето на користење на капацитетот, висината на надоместокот односно пашарината и користењето на инфраструктурните објекти.

Предлагам, почитувани пратеници, висината на надоместокот односно пашарината што треба да ја плаќаат сточарите да биде симболична и со овој закон на адекватен начин прецизирана со цел, да се заштитат сточарите од можноста ова ЈП да определува превисока цена на име пашарина.

Понатаму, предлагам пашарина да плаќаат само овчарските фарми со над 150 овци. Навистина,тие што професионално се занимаваат со сточарството.

III/92.-

Да се поттикне развојот на сточарството особено овчарството во РМ.

Предлагам да бидат ослободени од плаќање пашарина оние семејства што чуваат до 150 овци и што главна дејност им е овчарството. Особено сакам да истакнам ова да се однесува за оние ретки семејства кои сеуште живеат во планинските села. Ним, едвај во овие времиња им останува како главна егзистенција. Ако и тие луѓе, кои, на некој начин го одржуваат животот во планинските села им го ускратиме и ова право, навистина нашето сточарство ќе се најде во тие семејства во многу тешка положба.

Ова го предлагам од причина што во голем број планински села луѓето се иселија. Овчарството е значително намалено, а пасиштата запуштени и неискористени. Неодамна поминав во повеќе села на Осоговските планини: Крушка, Рамно Брдо, Борово Брдо, Лисо Брдо, Касирово, Лопен и многу други. Морам да ви укажам дека селата се речиси иселени. Ретко некој старец ќе се забележи со 10-20 овци. Пасиштата со трева и трње обраснати и неискористени. А, шумите речиси уништени и немилосрдно исечени.

Ако со овој закон се предвидат некои олеснителни мерки за сточарите, тогаш верувам дека ќе заживее и Законот што неодамна го донесовме за развој на јужните и источните региони на РМ што подразбира и развој на сточарството во планинските села. Но, ниту малку е пријатно да се помине низ убавите наши планини, пасиштата, а притоа да не се сретне ниту еден човек, ниту едно стадо овци. Убеден сум дека ништо не е подобра состојбата со планините, пасиштата и сточарството и во другите општини: Виница, Каменица, Делчево, Берово, и многу други планински села во РМ.

III/10.-

Затоа, Законот за пасишта треба да е во функција на унапредување на пасиштата и сточарството, а не лимитирање на развојот на пасиштата и сточарството во Република Македонија. Ние, пратениците од Либерално-демократската партија не ги прифаќаме ни казнените одредби предвидени во член 14, каде е предвидена парична казна од 10 до 50 илјади денари за физичко лице ако пасе добиток на пасиште со кое нема склучена договор за користење, односно ако не ја платил пашарината, од причина што со оваа мерка не се поттикнува развојот на сточарството.

Па така, почитувани пратеници ако некое семејство има само десетина до дваесет овци и случајно тие овци се најдат на пасиштата во државна сопственост, тогаш казната ќе изнесува многу повеќе отколку што е вредноста на тие десетина - петнаесет овци.

Затоа предлагам семејствата кои живеат во планинските села и оние кои имаат до 150 овци да бидат ослободени од плаќање пашарина, како и оние кои имаат над 20 грла крушен добиток.

**ИЛИЈА КАРОВ:** (Продолжение)

На крајот ценам дека има потреба од донесувањето на овој закон. Ја поддржувам информацијата на министерот и согласноста дека сепак се дошло до сознанието и се прифаќа овој закон да оди во две фази.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Живко Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

На почетокот ќе кажам дека за мене, што се однесува до квалитетот на законот, не значи дека ако еден закон е составен од 20 члена е понеквалитетен од друг закон што е составен од 100 члена. Меѓутоа, секако дека за подобрување на овој закон, веќе и министерот кажа, ќе оди во две фази, би било добро да се прифатат забелешките кои навистина држат да се внесат во втората фаза. Со оглед на тоа што последниот закон што беше донесен во 1974 година Кој Уставниот суд на Република Македонија го укина, практично подолг период користењето на пасиштата и утрините не беше регулирано со закон и оттаму произлегува потребата за уредување на односите помеѓу корисниците на пасиштата и правните лица кои стопанисуваат со истите.

Уште е поголема потребата во тоа што во нашата држава под пасишта се потпаѓаат околу 630 илјади хектари или 49% од вкупнотоземјиште во државата.

Јас нема да се задржувам подолго што се однесува до овој закон, бидејќи рековме има и втора фаза, меѓутоа, имам некои забелешки

кои предлагам министерот да ги има предвид и да ги вклопи во наредната фаза. Моите забелешки се однесуваат на следното:

Во членот 4 предвидено е "програмата од став 1 на овој член да ја донесува Владата, а да се донесува на секои 10 години". Од друга страна во членот 6 се вели "договорите од став 1 на овој член се склучуваат најмногу до 20 години". Предлагам ако веќе програмата се носи за 10 години и договорите да се склучуваат на 10 години, бидејќи за почеток мислам дека е многу 20 години. Тука би требало да се додаде друг став што се однесува до користењето на пасиштата.

Користењето на пасиштата мислам дека треба да се третира како и користењето на земјоделско земјиште каде беше прифатен грејс период од 5 години. Тоа значи наплатата да биде одложена на 5 години. Мислам дека и овде држи место оваа наплата на пасиштата биде по 5 години. Замислете што може да се случи ако на некои делови од пасиш- тата има комбинати и приватнистопанственици кои имаат изградено трла оод поцврст материјал и сега на самата лицитација се јават други лица и успеваат да го добиајт тоа пасиште, што ќе се случи со тие објекти? Односно каде ќе одат оние што тие објекти ги изградиле и вложиле во нив. Мислам дека ова држи во втората фаза да се предвиди да биде ставено со грејс -период од 5 години.

Понатаму имам забелешка на членот 5 каде што се вели "Јавното претпријатие за пасишта ги дава пасиштата на користење на повеќе правни и физички лица по пат на јавен оглас во зависност од капацитетот на пасиштата". Замислете, се случува во едно Мариовско село како пример го наведувам , сиромашно село, на таа лицитација не бидат финансиски во можност да го добијат пасиштето. Пасиштетот го

добие друго лице од друг крај на државата. Така ќе се случи целото село да биде опколено со користење на пасиштата од други лица, а селото има стока, а нема каде практично да ги пасе. Мислам дека тука Министерството треба да има предвид да има некои олиснителни околности околу таквите села.

На крај би спомнал само тоа дека би билодобро , ние имавме обемна дискусија на Комисијата за земјоделие и предложивме доста забелешки кои можат да се внесат во законот и доколку бидат прифатени мислам дека законот иако е од 20 члена ќе биде доста квалитетен и корен за државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри. Според активностите што се преземаат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство годинашнава есен нашите земјоделци изгледа ќе ја паметат по две добри работи односно една лоша една добра. Ќе ораат и сејат по тешка суша од една страна, а Министерството , како што најави нашиот министер, до крајот на годината ќе ги донесе сите не донесени аграрни закони што имаат огромно значење за развојот на оваа витална гранка за нашето стопанство.

На овој план, како што знаете, неделата што измина расправавме по два аграрни закони, расправавме по Нацрт законот за водите и по Предлог законот за шумите. денеска на дневен ред пак имаме аграрен закон овој пат станува збор за законот за пасишта. Добро е, што рече г-динот Јанкуловски што министерот се согласи овој закон да оди во две

фази и повторно уште на една седница на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство се изнајдат подобри решенија за овој закон од оние што досега се понудени, а ние не велиме дека тие решенија не чинат, меѓутоа бараме тие решенија да бидат прецизирани до крај.

Реков дека министерот Докузовски ќе ги засуче ракавите што поскоро да го имаме Законот за искористување на земјоделско земјиште. Толку години сме самостојна и независна држава, а да немаме закон за искористување на земјоделско земјиште, туку може сеКој кај ќе стигне да гради, кај ќе стигне таму да купува земја, шума и други земјоделски површини. Мислам дека оваа работа е недопустлива за една современа земја.

Понатаму, ја не се согласувам со тоа сеуште да го немаме законот за ветеринарство. Господа, приватните лекари веќе 5-6 години работат во приватни ординации, а нашите ветеринари не можат да отворат приватни ветеринарни станици и да работат. Сега, ветеринарна станица од Новаци да дава услуги на сточари во должина од 40 километри. Битола Старавина е 40 километри. Додека отиде тој ветеринар таму тој добиток нема потреба од таква помош. Или Битола-Добрушево или да не зборуваме за другите места или уште полошо Бистрица-Живојно еден ветеринарен лекар. Мислам дека овој закон ни недостасува и треба да се донесе.

не би сакал да ги набројувам и другите закони како што е законот за задругарство, јас г-дине министре дали Вие ќе сте тука или не овие закони ќе ги барам додека да стигнат на оваа говорница затоа што се неопходни закони.

IV/5. -

Сега би кажал некој збор за Законот за пасишта. Веднаш да кажам дека не се согласувам со тврдењето на Владата дека овој закон не е сложен и обемен и дека треба да се донесе во една фаза. Му благодариме на министерот што се согласи да оди во две фази. Како господа пратеници овој закон не може да биде сложен закон кога со него треба да се регулира управување и унапредување на 630 илјади ха пасишта. Тоа е на половина земја од нашата држава. Јас не знам колку од овие 630 илјади ха под пасишта се на државата , а колку од тие ха се на приватните земјоделци. Мислам дека и државата и приватните земјоделци имаат огромни комплекси под пасишта.

Во законот, меѓу другото се вели во тие 23-4 члена дека пасиштата поднесувањето на овој закон , ќе се даваат на оглас на разни правни и физички лица на разни подрачја. На оваа тема дискутираа и претходните колеги пратеници Каров и Јанкуловски, јас го поддржувам нивното мислење дека селските пасишта не можат и не смеајат да бидат ставени во овој кош и тие да се делат односно да се продаваат на огласи. Ако во законот остане овој член тогаш ќе имаме многу непријатности низ нашите села. Еве еден пример од мојата изборна единица. Во мојата изборна единица само едно село има мало пасиште и мала утрина од 3-4 ха тоа е Долно Огларци. Еден земјоделец на оглас ќе ги земе тие 4 ха и другите ќе ги истера и веднаш ќе настанат кавги, тепачки и што не.

Понатаму, мислам дека во овој предложен закон Министерството треба да даде еден одговор на едно прашање. Јавна тајна е дека подолго време во нашата држава зимските пасишта ги користат сточари од други реони. На линијата на ова искористување на овие зимски пасишта со децении со ред имаме опасни кавги, тепачки и расправии. Не

IV/6.-

затоа што месното население не ги сака сточарите од другите подрачја, туку затоа што зимските пасишта што се наоѓаат околу тоа месно население се премали за доведување на друга стока.

Понатаму, со шетањето на добитокот од еден крај на Македонија во друг ние , сакале или не, мора да признаеме дека воведуваме извор на разни заразни и паразитални болести. Имавме случаеви некои стада од Западна Македонија се вакцинирани односно прегледани против бруцелоза, меѓутоа, контролата покажува друго, имаат бруцелоза. Битола 7-8 години вложува огромни напори за сузбивање на бруцелозата сега тек тук почнува да се јавува бруцелозата, а се јавува од шетање на добитокот.

Понатаму во законот аз пасишта се вели дека пашарина ќе се плаќа еднаш годишно, како не е кажано. Дали и понатаму ќе се плаќа пашарина и за добиток Кој никогаш сонце не видел. Значи, лежи врз- ан во својата штала, а по законот од социјализмот из а тој добиток беше должен сопственикот да плаќа пашарина. Дали ќе се плаќа пашарина и за оној добиток што се напасува врзан покрај патиштата и ендеците сметам дека старите и доодени сточари треба да бидат ослободени од плаќање пашарина за својот добиток. Дали станува збор за 50 или 100 овци или 20-30 грла крупен добиток. Со оглед на тоа што во полето не постои ниту педа државно пасиште, ќе ми биде мило ако некој од Вас каже во кое поле каде се наоѓа државно пасиште да не се наплаќа паша- рина. сега за сега овој намет на селаните постои . Дали новачани ќе ги напасуваат своите овци во комбинатот или на друго место плаќаат пашарина.

Уште две прашања. Во законот не е кажано кога ќе се плаќа пашарината и дали ако во времето одткако ке се плати пашарината

настане укинување на добитокот некој ќе ја врати таа пашарина назад.

На крајот , со овој закон треба да биде регулирано уште едно друго прашање колку кучиња може да има едно стадо од 300 до 500 овци. Ова, за некои е смешно , меѓутоа е мошне интересно прашање. Има норми тоа е точно и јас знам за ота, меѓутоа, стадата што доаѓаат од западна Македонија на Кајмакчалан не оставија ниту еден дивеч се изедоа или се пребркаа од другата страна на нашата држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Илијевски.

**МИТКО ИЛИЈЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, претставници на Владата. Ќе се обидам со неколку збора да се осврнам на овој закон, еве претходните колеги рекоа дека е закон со малку члена , но сепак мислам дека носи голема тежина поготово во оние општини или краишта од нашата држава каде сточарството е доста застапено. Јас потекнувам од една општина каде сточарството е доста застапено и во годините од 1995 откако Уставниот суд го укина Законот или го укина постоењето на СИЗ-от за пасишта се јавија доста проблеми кои беа натрупани од нефункционирањето на претходниот закон во новиот систем.

По осамостојувањето на нашата држава со промена на политичкиот систем општинските и републичките СИЗ-ови беа скоро укинати останаа 2-3 СИЗ-а да постојат , мислам дека последен беше укинат СИЗ-от за пасишта и овој СИЗ за пасишта беше укинат малку порано,како

што реков во 1995 година и се создаде еден вакум од не регулирана регулатива Која барем за мене и за граѓаните од нашата општина претставуваше проблем.

**МИТКО ИЛИЕВСКИ:** (Продолжение)

Тоа беше проблем и на вработените во овие СИЗ-ови и на граѓаните кои што поради што законската нерегулатива имаат правен основ немаат обврска за плаќање на оваа пашарина Која што беше воведена уште во претходниот систем.

Јас се надевам дека и доста позитивно го оценувам тоа министерот што се сложи овој закон да се гледа во II фази и сигурно сугестиите од моите претходни колеги кои што мислам дека беа доста позитивни, ќе бидат и ќе најдат регулатива во новиот предлог на закон, и се надевам дека доста од овие членови ќе бидат регулирани да најдат место и во самата праска.

Јас имав само еден амандман Кој исто така има поднесено слично од г-динот Каров, Кој се однесува на членот 6 за должината на рокот за Кој треба да се склучува овој договор, самиот изготвувач на законот во своето образложение го има тоа дадено, дека е тоа 10 години, јас мислам дека тоа е од технички карактер.

да се разработи пред се во смисла воведување во пракса. Мислам дека така дадено ги содржи сите регулативи, но поаѓајќи од корисниците, кои се корисници на овие пасишта мислам дека треба да биде малку подобро образложено оваа лицитација и оваа цена на чинење на напасување на добитокот.

Не сакам да повторувам многу дискусии од моите претходни колеги, но сепак сакам да дадам една забелешка, можноста на граѓани или корисници или сточари кои што имаат потреба од користење на пасишта во други општини, јас би предложил и се залагам ова да има некоја регулатива, пред се, во склоп на дискусијата на

V/2

Тантаров, треба да имаме една контрола на движењето на добиточниот фонд во Македонија, бидејќи имаме општини каде што заразните болести се контролирани, пред с§, од страна на локалните ветеринарни станици, а сигурно и од самата желба на сточарите, нивниот добиточен фонд да биде здрав. Јас мислам дека и самата цена на користењето на овие пасишта треба да се има во предвид и моментите што оваа година беше забранет извозот на ситна стока во ЕЗ и голем број од нашите сточари кои што гледаше перспектива во гледањето ан стдоката, во извозот во ЕЗ оваа година поради лигавката и шапот, ЕЗ донесе забрана. Јас мислам дека државата тешко можеше да ја надомести оваа загуба, што значи нашите сточари ја имаа оваа година со оваа забрана и мислам дека ако имаше перспектива во оваа дејност голем број од сточарите, зборувам за сточарите од нашиот крај, ја изгубија малку волјата и сигурно ако не дојде до укинување на оваа забрана од страна на ЕЗ или сигурно со стимулирање на дел од сточарите со некои други олеснувања во наредните години овој сточен фонд ќе биде доста намален во нашата држава.

Од тие причини се залагам за тоа самото наддавање или лицитација на овие пасишта биде малку ограничено или пред се оној Кој што ќе доведе стадо или друг добиточен фонд во друга општина да има издадено некое уверение дека оваа ситна стока или добиток е прегледано од страна на ветеринарната станица со што се гарантира дека користењето на овие пасишта од страна на граѓани а од друг општини едноставно се потврдува здравоста на стоката Која што гарантира дека нивното присуство на територијата на друга општина нема да претставува опасност од заразување на домицилната стока.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Господин претседателе, господа пратеници, господине министре, на изглед се чини дека денеска расправаме за многу мал закон, на изглед во однос на пишани членови, меѓутоа, лично сметам дека расправаме за многу важен закон. Важен закон затоа што регулира користење, експлоатација на скоро 50% од земјишната површина на РМ. Затоа сметам дека е многу важен закон.

Ние на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство ги дадовме нашите забелешки по законот, меѓутоа, во оваа прилика би сакал да дадам неколку лични забелешки кои што сметам дека треба да се вградат во наредната фаза на законот и кои што сметам дека ќе го подобри квалитетот на законот.

Јас ќе се извинам на некои од пратениците, претходни дискутанти ако повторам некое прашање кое што веќе го кажаа, меѓутоа ако го повторам тоа ќе значи во прилог плус за да се земе повеќе во предвид, инаку ако една иста работа повеќе пратеници ја предлагаме, тогаш ќе биде уште поиздржано да влезе во законот.

Бидејќи законот регулира за користење на пасиштата, да се даваат под јавна лицитација, па би предложил пасиштата кои се наоѓаат во атарот на населените места односно т.н. селски пасишта да не се даваат на лицитација, туку тие да ги користат граѓаните кои што живеат во тие населени места и цената на пашарината се одредува односно ја одредува јавното претпријатие зависно од бонитетот на пасиштата.

Пасиштата кои што се користат надвор од населените места каде што има изградено инфраструктура, односно вложени одредени финансиски средства;, изграден капитал и тн. и тие да не се даваат на лицитација, туку и таму да се одредува цената на пашарината, зависно од бонитетот на пасиштата. И, еден голем дел на стационирани во пасишта, каде што има изградено објекти, без дозвола на СИЗ-от за пасишта. Јавното претпријатие да ја испита таа можност и во зависност од тоа во колку се исполнети сите тие услови да им се даде одобрение на постојните изградени бачила, поила и тн.

На лицитација да се даваат само пасишта кои што не се распоредени односно каде што нема изградено инфраструктура, каде што нема објекти и тн. на одредени правни и физички лица, тие да се даваат на лицитација. На лицитацијата да имаат предност при еднакви услови, да имаат предност граѓаните кои живеат во тие општини каде што се даваат пасиштата.

И една друга многу важна работа за Која сметам дека треба да се земе во предвид тоа е селењето на сточниот фонд од една паша во друга и сега постојат одредени законски одредби пак кои услови може да се сели сточниот фонд од едно во друго пасиште, односно летно-зимско пасиште, меѓутоа, тие сегашни критериуми треба во законот да се предвидат и да се заострат бидејќи за секое селење мора да се исполнуваат услови во однос на здравствената заштита на животните, бидејќи досега морам да признаам таа не ни е добра, затоа што има такви заразни болести кои што веќе ни се одразуваат и економски како на самите граѓани кои што се занимаваат со таа дејност, така и на

самата држава,спомна пред малку Илиевски, забраната на извоз на јагнешко место во ЕЗ и тн.

Сакав само овие конкретни забелешки кои што сметам дека можат да најдат место во законот во наредната фаза. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

И јас сум пратеник од такво подрачје каде е присутно сточарството, овчарството и тн. а се во врска во корелација со овој закон, меѓутоа, можам да кажам едно дека со непостоење односно со укинување на СИЗ-от за пасишта барем на тој регион каде што јас делувам се воспоставија многу големи проблеми, посебно во одредување на цената на користење на тоа пасиште и во тој контекст добро е што носиме еден ваков закон и ги регулираме тие односи. И, во тој правец мислам дека е добро. Меѓутоа, лично од она искуство што го чувствувам и што го сретнав на теренот можам да костатирам дека барем за подрачјето од каде доаѓам тоа се работи за криворечкиот крај, па можам да дадам и некое мислење во име на мојот колега Благоја Стојковски, Кој покрива исто такво подрачје дека овие две пасишта и тн. без разлика на состојбите кои биле во државата многу малку имаат добиено такви средства со кои би можело да се подобри тој бонитет или така даскажам да се подобри состојбата на пасиштата, со цел да имаме поголем број на овци, говеда и тн., а со тоа државата да има еден поголем фонд во тој

правец. Лично сметам дека, ние како држава многу се оптоваруваме со овие јавни претпријатија. И лично сметам дека правиме еден бирократски однос кон оваа дејност, сега со формирање на јавното претпријатие создаваме услови сега да имаме директор, па да имаме секретар, благајник, возила и се по вертикала и вертикала и на некој начин пак го оптоваруваме оној наш земјоделец, односно сточар Кој со судни маки ги одгледува овците, козите, да не кажам говедата, а да плаќа некои придонеси за да може да ги подмири, во прв ред овие административно технички раб оти, односно да ја надоместат платата, а потоа да размислуваат за подобрување на структурата на земјиштето, за подобрување на пасиштата и тн. и тн.

Лично сметам дека ние треба да се ослободиме во овој закон од јавно претпријатие и се залагам, а тоа до сега се покажа меѓутоа, нормално со некоја помош од државата тоа да биде при Центарот за унапредување на земјоделие или да биде во рамките на матичното министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство бидејќи во сеКоја општина, локална самоуправа, веќе имаме истурено такво матично министерство кое има своја стручна служба и може овие административно технички и други работи да ги врши во тој дел. Дури се носам и со идеја дали не треба да дојде до спојување на овие слични асоцијации кои можат да придонесат, а да бидат рационални така да ние сега се расплинуваме, на едно подрачје ќе имаме јавно претпријатие за стопанисување со пасишта, едно јавно претпријатие за стопанисување со водите, пред малку колегата добро го кажа тоа јавно претпријатие за заштита на земјиштето, па сега ќе имаме друго јавно претпријатие, ќе ни текне за градинарство и така натаму и ние во сеКоја гранка многу јавни претпријатија, а во оваа сфера мислам нерационално е барем за сега во

овие услови колку е моќта на овој наш сточар, Кој верувајте во оваа ситуација едвај ги чува тие овци, едвај доаѓа до некој минимален приход за да може да ги подмири своите потреби а камоли сега да издвои дел на средства за таа намена и се залагам јавното претпријатие да биде амортизирано односно заменето со овие две асоцијации, со тоа што еве, центар за земјоделие има институција, има големо искуството на некој начин има и стручен кадар доволно, за да може да ја следи оваа област потпомогнато со подрачното министерство за земјоделие. Тоа би било и најрационално во оваа смисла.

Второ, мислам дека пак во името на мојот колега Благоја Стојковски предлагам оваа цена што се предлага во самиот закон, нека ми извини Благоја, предлагам да биде многу симболична, дури да некажам ептен симболична во таа смисла што сточарите што ние ги следиме барем во оној крај каде живееме, и работиме ние како пратеници, мислам дека тоа е еден сиромашен крај, Кој ептен крај со крај неможат да го спојат и во таа смисла мислам дека финансирањето на овој дел повеќе да оди од буџетот на државата. Тоа би било солидарно и Кој е сега аргументот зошто ова го предлагам.

Предлагам во таа смисла дека е сточарството односно козарството, односно говедарството и тн. тоа се во функција ан државата. Државата ќе има повеќе месо, а во таа смисла ќе имаме и повеќе девизи, што значи и ќе имаме и поквалитетна храна. Ако тоа го направиме сега, ги стимулираме нашите сточари, не ги оптоваруваме со одредени цени односно со трошоци, тогаш мотивацијата на еден сточар ќе дојде во ситуација тоа да го направи.

Можеби малку демагошки настапувам, меѓутоа лично сметам дека е доста рационално во оваа смисла. Подобро е од буџетот да се издвојат средства за таа намена и со овие трансформации што ги направивме, со приватизацијата, да не речам со пропаѓање на дел од општествените претпријатија, голем дел на луѓе кои работеа во т.н. општествен сектор, почнаа да се враќаат назад и да се занимаваат со овој проблем.

И во таа смисла сметам дека ќе го поттикнеме ова, ќе го интензивираме враќањето на луѓето, меѓутоа и мотивацијата да дојдат во позиција да се занимаваат со еден извонреден, да не кажам корисен проблем Кој е корисен и за државата и за сите нас што седиме тука, бидејќи верувајте дека сите кога ќе излеземе од салата сите сакаме да јадеме, ручек со месо, никој не се залага ручек без месо. Во таа смисла дали ќе биде јагнешко, свинско и т.н., тоа е друго. Тоа би било корисно во таа насока.

Ете тоа се мои некои забелешки. Дали на министерот ќе му бидат корисни или не, незнам. Инаку, во принцип се сложувам да се донесе еден ваков закон со промена на оваа содржина Која јас ја предлагам.

Му благодарам на претседателот и на министерот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Министерот Докузовски.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Прво, јас беше најдобро, а тоа не е можно сите закони од аграрот да беа ставени во еден пакет за да можеме да ја видиме целината што

се предлага и во другите законски решенија. Во дискусијата ќе кажам некои глобални укажувања за да не се повторуваат и во идните расправи по законите.

Прво, ќе биде законот за земјиште на наредната седница. Доста сложен закон, сложена област и ќе има и критики што и заслужува да ги добие. Ќе се видат подобри решенија.

Второ, ќе биде законот за ветеринарство, доста обемен добар закон и таа област знаете е сложена за оној што не ја познава, а оној што ја познава ќе биде многу едноставно да го свати. Затоа службите и ова за земјоделство исто така е во подготовка во владина процедура и има доста да речам, не пречки, туку особености што сакаме да ги искористиме за овие современи, опремени обучени со нови кадри до степен да можат да бидат во функција на активностите за условите кои што тие сами ги плаќаат. А за тоа да го направиме треба да бидат навистина современи. За тоа има извори на средства до странство, меѓутоа, кажав треба да го направиме така да може да работи. Меѓутоа и за интересите на државата и за она што како бараат условите.

Нема да ги набројувам законите што ќе дојдат во процедура и зошто тоа го кажувам сега, за да укажам дека кога зборуваме за пасишта да не зборуваме за ветерина, па ќе дојде на дневен ред и сите да не ги узмешаме бидејќи реков доста прашања се решаваат со тие закони.

Сточарите за Кој се однесува овој закон денеска не не гледаат и не не слушаат. Тие се на планина, горе, каде што нема ни струја, има изворска вода, бачила и т.н. Овој концепт на закон се однесува за високо

планински и низински пасишта, јасно дефинирани за поголем број од нив има и елаборати направена е и ветеринаризација и ограничени и за кои е утврден бонитет. Без ѓубрење 2 овци на хектар, со ѓубрење повеќе и т.н.

Ние ги напаѓаме сизовите и т.н. Уставен суд го укина делот на обликот на управување со овие пасишта. Ништо друго. Тоа значи дека пасиштата се добра од општ интерес и со нив ќе се газдува на начин Кој што предлагаме со законот. Дискусијата покажува дека ние сфаќаме сега дека е ова закон за намет , данок земјоделците да плаќаат пашарина. Пашарина ќе плаќа тој што ќе лицитира на тоа пасиште Кој ќе го добие и ќе потпише договор за начин и цена на плаќање. Овој концепт подразбира менување на состојбите на пасиштата никој не би земал пасиште како што имаше и дискусија една година. Тоа сточарите не го сакаат. Ние зборуваме во нивно име, меѓутоа, тие така не мислат. Сточарите бараат да го земат пасиштето 10 години најмалку за да може да однесе струја сам ако не може државата, да може ѓубрето да не го продава, туку да го остави на паша, да го наѓубри и да добие повеќе принос и преку тоа да ја плаќа пашарината. Да може да направи водопоило, објекти и бачило во кое што овчарите ќе спијат помодерно и да гледаат ТВ ноќта кога нема јагнило и сл. Значи станува збор за концепт Кој што се потпира на вложувања на тие пасишта горе. Никако за селски пасишта што зборуваме во нивите или во некој атар негде некој има пасишта. Ќе повторам, значи се однесува само за пасишта инвентаризирани и Кој ќе ги добие на лицитација. Една дилема е само овде,

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:** (Продолжение)

Дали ќе ги даваме пасиштата што се викаат енклави или јутрини на лицитација за да не правиме проблем во селата. Тоа е за дискусија и ќе направиме од тоа исклучок и ќе го дефинираме во последната фаза. Од дргуиот дел правиме толку проблеми каде што нема. Затоа сакам да потенцирам дека овие пасишта и сега постојат и сега се даваат на лицитација и се наплаќа пашарина. Меѓутоа да кажам дека тие селани што најмногу зборуваат, во тие општини не се плаќа пашарина.

Овој закон во пракса досега се применува во 15 општини бидејќи сите општини немаат такви пасишта за такви што станува збор во Законот.

Постои само уште една дилема а тоа е дали да биде рок од 10 години или тоа 20 години, или да се носи програма на секои 10 години, заради иновирањето и заради тежината да се проектира на рокот 20 години за овие пасишта, или во исто време да се носи и програмата 10-годишна и да биде договор за 10 години Меѓутоа во никој случај не можеме да прифатиме и ќе ја предложиме повторно истата теза дека пасиштата треба да се даваат на подолг рок, не помал од 10 години,. пак со цел, велам, да може тие што ќе ги добие да инвестираат и да се подобри состојбата на тие пасишта.

Употребуваме термини селани, граѓани итн. Овој закон такви термини не употребува. Употребува термин корисник на пасишта, Кој ќе го добие а дали тоа ќе биде градски човек Кој ќе набави овци и сл, прашање е за тој што ќе ги користи пасиштата. Значи станува збор за таква категорија и сл.

Не сакам да образложувам за да не испадне дека го бранам, меѓутоа само појасни за што станува збор. Реков станува збор за претпријатие, не заради друго туку заради тоа што има потреба и таа ќе трае долго. Во нашата држава секогаш постоело и ќе постои номадење,

како овој закон со оваа концепција оди да не номадат многу тие барем од планинските места, бидејќи ако прифатиме да биде тоа на една година, сеКоја година овчарите ќе се селат со бачилата и нови ќе прават и никогаш нема да имаат свое гнездо. Меѓутоа, селидбите меѓу зимски и летни пасишта ќе продолжат, сигурно не така како што е сега. Од тие причини треба да има еден Кој таа работа ќе ја координира ни ќе води сметка ни за едните ни за другите региони односно за планински пасишта и низински пасишта бидејќи сеуште тоа подолго ќе не следи.

Веднаш да кажам дека овој закон не мисли да го реши прашањето на самите паркови.- Тоа не е предмет на самиот закон како што не беше ни предмет на законот за шумите, бидејќи за тие паркови има посебен закон и се согласувам со оценката дека тој е стар и треба за оваа дејност да се носи нов закон.

Еве јас толку. Реков ова што беа амандмани и забелешки ќе ги разгледаме внимателно, меѓутоа не треба да очекувате дека ќе направиме Којзнае какви поместувања на законот бидејќи целта е ова што ја објаснив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за пасиштата.

Кој е за предложениот закон,молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

VI/3.-

Бидејќи министерот се согласи овој закон да оди во две фази, предлагам сугестиите и забелешките од расправата како и укажувањата од страна на пратениците од комисиите, да се достават до Владата и до Министерството за земјоделие и шумарство, при што да се имаат во вид при подготвувањето на законот.

Господинот Каров има процедурално прашање.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Бидејќи не се спомна дека имам доставено амандмани јас овој пат му благодарам на разбирањето на г-динот министер и на Владата дека има чувство за тежината и обемот на законот и се прифати овој пат овој да оди во две фази. Според тоа моите 18 амандмани Кој ги доставив не ги повлекувам туку ги приложувам како забелешка и ја замолувам Владата да ги земе предвид при подготвувањето на втората фаза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас така и предложив, сите забелешки од пратениците.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (62)

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Молам да се известат министрите да дојдат во салата бидејќи така се договоривме да одиме на расправа по пратенички прашања.

Додека дојдат минситрите во салата предлагам да продолжиме со расправа по шестата точка.

Минуваме на 6-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад и негово складирање со Предлог на закон.

VI/4. -

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад и негово складирање.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Колку пратеници се присутни во салата? (63)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)
Дали има некој против? (нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасен отпад и негово складирање.

Преминуваме на 7-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот за соработка на полето на патентите (Договорот за соработка) со Европската патентна организација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка на полето на патентите (Договор за соработка) со Европската патентна организација.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (61

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот за соработка на полето на патентите (Договор за соработка) со Европската патентна организација.

Преминуваме на 8-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот на доход и данокот на капитал, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој) по текстот

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за одбегнување на двојно оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал.

Преминуваме на 9-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

VI/8.-

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за поттикнување и заеман заштита на инвестициите.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој) по текстот

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за поттикнување и заеман заштита на инвестициите.

Преминуваме на 10-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за заштита на дивиот свет и природните живеалишта во Европа, со Предлог на закон.

Предлогот За донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за заштита на дивиот свет и природните живеалишта во Европа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот и на член 1 по Кој Владата не се произнела

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (продолжение)

Педесет и девет пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Молам, колку пратеници се присутни во салата?

Шеесет и еден пратеник се присутни во салата.

Очигледно е дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на конвенцијата за заштита на дивот свет и природните живеалишта во Европа.

Минуваме на точка 11.

Предлог за донесување на закон за ратификација на протоколот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Турција за меѓусебна размена на градежно земјиште и решавање на потребите на дип- ломатските мисии во главните градови со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот , со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доста- вени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на протоколот меѓу Владата на РМ и Владата на Репуб- лика Турција за посебна размена на градежно земјиште за решавање на потребите на дипломатските мисии во главните градови.

Кој е за преложениот заклучок, молам да крене рака?

Шеесет и еден пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за,молам да крене рака?

Шеесет и два пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот ■ предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

Шеесет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан ? (нема)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Владата на РМ и Владата на Република Турција за меѓусебна размена на градежно земјиште за решавање на потребите на дипломатските мисии  во главните градови.

Минуваме на точка 12.

Предлог за донесување на закон за заштита при работа.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, Кој бара збор?

Има збор г-дин Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници!

Пред вас денес е еден нов современ концепт на заштита при работа, содржан во Предлог-законот за донесување на закон за заштита при работа, по Кој треба денес да се изјасниме. Како што ви е познато постојниот закон за заштита при работа е донесен во 1987 година во услови на постоење на друг режим и општествено економски систем, Кој се засноваше на општествената сопственост, каде заштитата при работа беше утврдена како право и обврска на работниците во организациите на здружен труд, за да ја планираат, организираат, уредуваат и спроведуваат во својата работна средина.

Согласно промените што настанаа во општествено економскиот и стопанскиот систем овој закон таквите обврски целосно ги пренесува во надлежност на работодавците, кои се должни во својата работна средина да ги обезбедуваат и применат пропишаните мерки и средства за заштита при работа и да се грижат за создавање и унапредување на условите за безбедна работа на секое работно место во сите сегменти техничко-технолошкиот процес на трудот.

Од друга страна законот ги обрзува работниците не само да се придржуваат кон пропишаните мерки за заштита при работа, туку

и активно да соработуваат со работодавецот за создавањето и одржувањето на безбедни услови за работа во својата работна средина, што претставува европски концепт на однесување на субјектите во областа на заштитата при работа.

Со овој закон се врши усогласување на правната регулатива, со промените во економскиот систем, прилагодување на заштита на новосоздадените услови за стопанисуваше и отстранување на пројавените недостатоци и слабости во функционирањето на системот за заштита при работа. При тоа, се настојува според потребите и можностите да се прифатат и да се применат позитивните искуства на развиените европски земји што ќе овозможи создаваше на пофункционален и поефикасен систем за заштита при работа. Овој закон ги утврдува обврските овластувањата и одговорностите на сите субјекти на заштита при работа. Но, тој не ја исклучува и можноста одредени прашања во заштитата при работа да се регулираат и со друг закон. Се разбира, во одредени области каде што има специфични односи во областа на трудот. Законот ги обврзува субјектите на заштита при работа да се придржуваат кон пропишаните меѓународно ратификувани мерки, нормативи и стандарди за заштита при работа. Заштитните мерки и средства мора да се обезбедат на секое работно место во рамките на техничко-технолошкиот процес на трудот. Тоа значи обезбедување на заштита при работа на секој работник и на секоја работа, без оглед на видот, степенот , сложеноста и тежината на работа. Овој став се гради врз уставната гаранција на правото за заштита при работа на секој човек и врз принципот на еднаквост на правата на положбата на работниците во остварувањето на заштита при работа, независно каде работат, односно независно од сопственоста и средствата на трудот со кои се работи.

Законот создава обврска за сите техничко-технолошки процеси на трудот да се утврдат соодветни мерки за заштита при работа, што е во согла- сност со меѓународните конвенции за заштита при работа прифатени и од нашата земја. Мерките за заштита при работа, се разбира ќе се утврдат со посебни прописи, кои имаат карактер на подзаконски акти и се правно обврзливи за работодавците во остварувањето на заштитата при работа во својата средина. Законот создава обврска на производителите, на орудија за работа за механизирани погони, на средства и опрема, за лична заштита при работа, да се придржуваат кон пропишаните мерки, нормативи и стандарди за заштита при работа при нивното проектирање, конструирање и производство и да предложат упатства за безбедно работење и јавна исправа дека се применети пропишаните мерки за заштита при работа. Со законот се предлагаат следните обврски на законодавецот .

Да ја планира и уреди заштитата при работа.

Да врши стручно обучување и оспособување на работниците за самостојно и безбедно работење на работното место.

Да врши повремени прегледи и испитувања на орудијата за работа на начин и во рокови утврдени со упатството на производи- телот, техничките прописи и прописите за заштита при работа.

Да врши здравствени прегледи на работниците, кои работат на работни места со посебни услови за работа, како што се особено работните места на кои постои зголемен ризик и опасност од повреди, професионални заболување и оштетувања по здравјето на работниците.

Да ја води пропишаната евиденција во областа на заштитата при работа и др.

Со вој закон, исто така, се предлага посебна обврска на работодавецот најдоцна 24 часа по настанот да ја извести Инспекцијата на трудот за секој смртен случај, колективна несреќа и потешка повреда на работа.

VII6

Работникот е должен од друга страна да се придржува кон пропишаните мерки и средства за заштита при работа и да соработува со работодавецот во спроведувањето и утврдувањето на заштита при работа. Работникот Кој не постапува по упатствата односно спротивно на овие мерки и обврски, може согласно актите на работодавецот да биде привремено отстранет од работното место или оддалечен од работниот однос.

Законот го утврдува правото на работникот да одбие да работи на своето работно место ако му се заканува непосредна опасност по животот и здравјето.

Со овој закон за прв пат во системот за заштита при работа кај нас се воведува институцијата претставник на работниците за безбедност при работа. Станува збор за институција Која е еквивалентна на слични институции кои постојат во системот на заштита при работа на членките на Европската заедница. Како таква оваа институција е во функција на заштита при работа односно на заштита на работниците.

Исто така, овој закон како материјален пропис ги утврдува надлежностите и мерките кои во областа на заштита при работа може да ги превземе инспекцијата на трудот, што досега не беше случај Во таа смисла инспекцијата на трудот може со решение да нареди отстранување на утврдените неправилности, недостатоци и да ја забрани работата на работодавецот, до колку не се спроведени наведените мерки односно додека не се отстранат непосредната опасност по безбедноста на работниците во процесот на трудот. На тој план со законот се воспоставува поефикасен заштитен механизам, Кој ќе придонесе за поголема безбедност на работниците при работа, што претставува и основната задача и цел на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Николов.

**ЈОВАН НИКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Пред нас имаме предлог на закон, Кој што треба, прво, да ги среди односите во сите работни организации во делот на заштитата на работниците на работно место од една страна а од друга страна да ги заштити работниците со цел да немаме голем број на работници кои што низ својата работа , ако не се добро заштитени, да станат инвалиди на работно место односно ако преку предвидените периодични здравствени прегледи не се овозможи навремено нивно отстранување од штетните дејства на работните места. Значи, тоа е закон, Кој што сите работодаватели ги обврзува при основањето на работната организација, да донесат, исто така, и одредени норми за заштита на работните места. Тоа е еден, навистина закон Кој што треба да ги испочитува сите тие односи између работодавецот и работникот, а исто така можноста на инспекциските служби кои што треба да вршат контрола на условите на работењето, мислам трудот и инспекција и во условите на работење на своите работни места. Значи, се прави една синтеза на одговорности и задолженија на повеќе субјекти се со цел да се заштити работникот.

Комисијата за труд и социјална политика го разгледуваше законот и му дава комплетна поддршка, заради тоа што во последно време во промената на начинот на работењето во стопанството веќе и определените законски одредби од стариот закон, Кој што досега важеше, скоро и некаде не се применува, а за тоа што тој не се применува, имаат штета работниците. Мислам дека понатаму не смее да се

продолжи, затоа што можеме да дојдеме во ситуација , јас како здравствен работник тоа го зборувам, во оваа држава да имаме голем број на инвалидизирани лица, заради тоа што превентивно не се делувало за нивно отстранување од тие работни места.

Да завршам, му давам комплетна поддршка на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Стојковски.

**БЛАГ0ЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Пред нас е закон од хумана гледна точка, по мене, многу навреме се предлага да се донесе односно почетна фаза и мислам дека треба да му се даде виза понатаму со одредени забелешки. Како и многу пати до сега што изнесувам на говорницата мене прва забелешка ми е уште во стартот во поглавјето Мерки за заштита при работа, каде што се одредуваат посебните мерки за заштита при работа и се набројуваат работи кои се под посебни услови, тука се ставени во градежништвото воздушниот и водениот сообраќај, меѓутоа никаде не се спомнува рударството и објектите и работите што се третираат таму, а можам да речам одговорно дека најповеќе мерки за заштита се потребни таму. Најповеќе произлегуваат инвалиди, најповеќе професионални боледувања и мислам дека треба да му се даде одреден третман.

Од хумана гледна точка поглавмето VI сигурно дека стои меѓутоа, се плашам од една друга работа да не се претвори во обврска на овие луѓе кои само ќе ја контролираат работата од аспект на заштита на работодавците. Се предлага таму од 250 претпријатија до 250 вработени на кои треба да има еден задолжен за заштита, а сега се поставува прашањето Кој ќе го плаќа работодавецот. Сигурно тој ќе му врши контрола и дали ќе е соодветна таа контрола или тој надзор, или ќе врши доволно заштита односно обезбедување на работниците.

Од друга страна пак се поставува прашањето дека сега го имаме тој синдикален претставник односно претседател на синдикат Кој, барем во досегашното работење, тој е исклучиво надлежен, покрај другите да бара и соодветна заштита на вработените. Да не се претвори сега во почетокот, мислам дека повеќе ќе важи за оние општествени претпријатија да мораме, еве конкретна работна организација со 1000 и повеќе членови да имаме задолжени тројца кои ќе ги предл жи Собирот на работни луѓе и тие, јас ве уверувам дека за почеток прво, ќе бараат плата, па да бидат под посебен третман и само тоа да работат. Од тие причини мислам дека можеби е преуранета оваа работа, заради тоа што сеуште сме во трансформација и можеби ќе имаме после назад бумеранг.

Инаку, го прифаќам законот, предлогот и мислам дека треба да се донесе, заради тоа што тоа е во суштина потреба и на работниците и на работодавците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, донесувањето на новиот закон за заштита при работа не е неопходно само заради усогласување со промените во економскиот и политичкиот систем. Овој закон е потребен, пред се, поради потребата да се отстранат недостатоците и слабостите во системот на заштитата, како и радикално да се подобри заштитата при работата.

Имајќи предвид дека заштита при работа, односно заштита на индивидуалецот, поединецот и граѓанинот воопшто , една од основните цели и задачи на секоја држава , една од основните компоненти на оваа општа заштита , секако, заштита при работа.

VII/10

Имајќи ги предвид податоците за голем број на повреди на работа, професионални заболувања, особено во процесот на непосредното производство, како и бројот на повредите при работа со смртна последица, се наметнува тоа дека сегашниот систем на заштита при работа е навистина доста лош.

VIII/1 РД/НД

**ЗОРАН ШАПУРИЌ**: (Продолжение)

Имајќи ги предвид податоците за голем број повредени на работа, професионални заболувања, особено во процесот на непосредното производство, како и бројот на повредите при работа со смртна последица, се наметнува дека сегашниот систем на заштита при работа е навистина доста лош. Овој систем во овој закон, но и со други неопходни мерки е потребно да се направи. Не само со овој закон ако очекуваме дека само со Законот и со подзаконските акти ќе бидат решени проблеми1 во оваа свера, нема да се постигне успех, потребен е комплекс на низа мерки да се подобри заштитата при работа.

Овој закон не само што прави напори за поголема заштита при работа, но според мене, со оглед на тоа што е во прва фаза, може во понатамошните фази многу повеќе во оваа смисла да се направи. Пред се во смисла на поголема конкретизација на мерки и активности кои треба да се преземат за заштита при работа, имајќи ја специфичноста на одделни области, каде што треба да се преземат тие мерки. Што значи Со дека Законот треба повеќе аналитичко внимание да се посвети на разните области каде е потребно повеќе видови на активности кои треба да се преземат за заштита при работа, а особено во областа на непосредното производство и како што беше кажано во областа на рударството, бидејќи е испуштено, бидејќи се работи за некој превид, треба поконкретно и пообемно овие свери на непосредно производство како рударство и градежништво мора подобро и посоодветно да бидат обработени во самиот закон, а не само во подзаконските акти, како што нагласи министерот, бидејќи и во овој закон е неопходно да се предвидат поконкретни мерки за да може потоа во тие подзаконски акти да бидат само доработени. Меѓутоа, основните начела и принципи на заштита при работа во сите овие свери мора во самиот закон да бидат нагласени.

Во законот исто така треба посоодветно место да го најдат и соодветните стручни кадри, односно инженерите за заштита при работа, кои ги има доста во Република Македонија, а кои се навистина несоодветен искористени. Доколку сакаме да направиме вистинска реформа во оваа област мора да се најде вистинска мерка за ефикасна заштита, со зголемена контрола и надзор, а притоа таа контрола и надзор не наречувајќи ја ефикасноста да не се претвори во бирократски долга постапка при добивање на разни видови дозволи, согласности и така натаму, а исто ова важи и за главата VI Која што малку треба да се доработи за некои поконкретни мерки за инспекцискиот надзор, со цел да не се избирократизира оваа заштита, па така од една крајност да не одиме во друга крајност.

Законот за заштита при работа мора исто така според мене, мора да ја предвиди и спецификата на заштита на спортистите, како и на доние фирми и оние дејности за одделни работни места кои имаат зголемен ризик од професионални заболувања, повреди при работа и тн., да биде за нив предвидено дополнителни видови на осигуруваше на нивниот живот односно нивниот работен век, бидејќи навистина во сверата на непосредното производство имаме бројни повреди, бројни професионални заболувања

Се разбира, бидејќи ова е прва фаза јас се надевам дека предлагачот ќе има слух за овие забелешки и дека во наредната фаза со одредени забелешки ќе го имаме законот во фаза на Предлог на закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Молам за точен број на пратеници во Собранието.

Во салата има присутни 57 пратеници.

Молам да се повикаат и другите пратеници за да може да гласаат.

Продолжуваме со работа.

На Собранието му предлагаме да го усвои следниот заклучок

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за заштита при работа.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид пред лозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и предлозите и мислењата од расправата на седницата на Собранието да се достават до Владата на Република Македонија и до Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

61 пратеници.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот закон. Минуваме на точката 13 - Предлог за избор на судии во основните судови.

Предлогот на Републичкиот судски совет Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, Кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Александар Соколовски, да биде избран за судија на Основниот суд во Берово го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (19 пратеници)

Констатирам дека Александар Соколовски, не е избран за судија на Основниот суд во Берово.

Предлогот Васка Петрова да биде избрана за судија на Основниот суд во Виница го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (51 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Васка Петрова е избрана за судија на Основниот суд во Виница.

Предлогот Ристо Ризов да биде избран за судија на Основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (13 пратеници)

Констатирам дека Ристо Ризов не е избран за судија на Основниот суд во Гевгелија.

Предлогот Олгица Андреева да биде избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

**ЏЕЛАДИН ИУРАТИ:**

Кој е за, молам да крене рака? (55 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (1 пратеник).

Констатирам дека Олгица Андреева е избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија.

Предлогот Билјана Делова - Николова да биде избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Билјана Делова - Николова е избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија.

Предлогот Томислав Џумеркоски да биде избран за судија на Основниот суд во Гевгелија, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22 пратеници).

Констатирам дека Томислав Џумеркоски не е избран за судија на Основниот суд во Гевгелија.

Предлогот Симеон Ангеловски да биде избран за судија на Основниот суд во Делчево, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници).

Констатирам дека Симеон Ангеловски не е избран за судија на Основниот суд во Делчево.

Господинот Шапуриќ бара деловничка интервенција.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Со оглед на тоа дека гласањето се одвива по некое сценарио, навистина не е јасно зошто не го почитуваме мислењето на почитуваниот

Судски совет Кој ги извршил проверките.

(Во салата настана комешање).

Ве молам, да ме сослушате. Кој не сака, нека не слуша.

Поради тоа бараме 15 минути пауза, поради консултација за тоа како ќе гласаме за наредните судии. На тоа имам право по Деловник.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

15 минути пауза по барање на пратеничката група на Либерално-демократската партија. Ве молам, 15 минути.

(Пауза од 14,15 до 14,50 часот).

Ве молам, седнете на своите места, а службите нека ги повикаат пратениците да влезат во салата.

Молам да се повикаат пратениците да учествуваат во работата на седницата.

Во салата се присутни 50 пратеници.

Продолжението на седницата дополнително ќе биде објавено.

(Седницата прекина со работа во 15,00 часот).